ИНСТИТУТ ЗА ЕКОНОМСКИ СТРАТЕГИИ И МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ ОХРИД

**СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА**

**8-ми април, 2009 година**

Ве известуваме дека во организација на Институтот за економски стратегии и меѓународни односи ОХРИД во посета на Република Македонија пристигна професорот Роман Јох од Чешка.

Професор Јох има огромно искуство како професор, своите студии ги завршил на Чарлс Факултетот во Прага. Професорот Роман Јох ќе обезбеди скапоцено искуство од неговите досегашни предавања и од неговата досегашна пракса на ова поле.

Д-р Роман Јох на Универзитетот во Прага предава на теми фокусирани на политичка филозофија, меѓународни односи, меѓународна политичка економија и прашања за националната безбедност. Покрај предавањата професор Јох е и одличен критичар во однос на националнта бебедност. Д-р Јох е познат експерт кој има напишано голем број на научни студии, и колумни кои секојдневно се објавуваат во дневните весници во Чешка. Покрај ова Професор Јох е и автор на повеќе монографии и експертки студии.

Професор Роман Јох пристигна во Република Македонија на покана на Институтот за економски стратегии и меѓународни односи ОХРИД како почесен гостин – професор на Меѓународната образовна програма на Институтот ОХРИД имплементирана во Универзитетот Американ Колеџ.

Институтот ОХРИД, објавува дека на 9-ти април, 2009 година предавањето на тема: „Научени лексии од пост комунизмот “ во склоп на Меѓународната образовна програма ќе го одржи реномираниот професор Роман Јох одЧешка.

Институтот ОХРИД ќе продолжи во оваа насока и во иднина како и досега ќе донесе познати професори од Европа и САД и заедно со Универзитетот Американ Колеџ ќе им понуди на студентите низа новости и знаења од меѓународната економија. Оваа можност нуди огромно животно искуство.

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk